РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Управа за хидрометеоролошки работи
Drejtoria për punë hidrometeorologjike
Бр.-Nr. 05-30/9
02.07 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА
# РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ
# Период од 01.01.2020 до 30.06.2020

Во првото полугодие на 2020 година Управата за хидрометеоролошки работи ги извршуваше функциите определени со Закон за хидрометеоролошка дејност ("Службен весник на РМ", бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15) и Програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година( "Службен весник на РСМ", бр.277/2019). Во делокругот на законски дефинираните надлежности на Управата во изминатиов период се спроведоа активности кои опфаќаа вршење на хидролошки и метеоролошки работи, развој и функционирање на хидрометеоролошкото бдеење, истражувања на атмосферата, почвата и водните ресурси, изготвување на временски прогнози и работи на примената на хидрологијата и метеорологијата во реалниот сектор.

Во текот на првото полугодие на 2020 година реализирани се следниве активности кои беа ограничени заради епидемијата со ковид-19:

-се спроведе постапка за јавна набавка за заштита од град со авионско засејување по која е склучен договор со избраниот оператор и отпочната е, за прв пат кај нас, заштита од град со авионско засејување на градоносни облаци,

- се доставуваа извештаи за состојбата со реките и природните езера до надлежните институции,

-се доставуваа извештаи за хидролошката состојба во Република Северна Македонија за време на високите води,

-спроведени се мезометеоролошки мерења и набљудувања во Скопската котлина,

-редовно се издаваа прогнози на времето а по потреба се издаваа и вонредни прогнози за временската состојба во Републиката,

-спроведени се дел од сериите за мониторинг на квалитет на води во Република Северна Македонија.